Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
СЕКТОР ЗА ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ГЕНЕРАЛЕН ИНСПЕКТОР ЗА ПЕРИОДОТ ЈУЛИ - ДЕКЕМВРИ, 2020 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. Бр. | | | Љупчо Грнчиштанов<br>[име и презиме] |
| Датум: | | | Раководител на сектор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје | (м.п.) | <br>[потпис] |

## Резиме

1. Управување со ризици

- При вршењето на сите видови на инспекциски надзори посветено е внимание во спроведувањето на одлуките, препораките, уредбите и протоколите донесени од страна на Влада на Република Северна Македонија за превенција и спречување на ширење на вирусот КОВИД-19, поради што планираното, согласно месечните планови кои произлезегуваат од годишната програма за работа на Секторот за генерален инспектор, е делумно извршено односно поголем дел од надзорите се вонредни.

2. Организација и раководење

- Промени во правниот статус и надлежноста на институцијата во текот на извештајниот период не се извршени.

- Промена е настаната во раководството на Дирекцијата, односно во текот на месец ноември за Директор на Дирекцијата за заштита и спасување е назначен г-дин Беким Максути.

- Во однос на организациската структура и раководниот кадар во Секторот за генерален инспектор, состојбата во извештајниот период остана не променета.

- Во однос на човечките ресурси во извештајниот период двајца инспектори оствариja правно на пензија и тоа Сандо Геров на 10.09.2020 год. и Стефчо Јосифовски на 26.10.2020 год. Во полугодието не се вработени нови инспектори за заштита и спасување.

3. Обука

- Во текот на декември инспекторите за заштита и спасување земаа учество на платформата за електронско учење на Инспекцискиот совет.

4. Буџет

- Секторот за генерален инспектор користи финансиски средства од буџетот на ДЗС со посебна ставка. Во извештајниот период не се потрошени средства за потребите на Секторот.

5. Меѓународна соработка

- Во извештајниот период Секторот за генерален инспектор нема остварено соработка во областа на инспекцискиот надзор од аспект на заштитата и спасувањето и пожарникарството, со останати меѓународни субјекти.

6. Други активности на инспекциската служба

- Покрај вршење на инспекциски надзор, инспекторите за заштита и спасување извршуваа и останати активности согласно Законот за заштита и спасување и Закон за пожарникарството, односно вршење на увиди од настанати пожари, учество во оперативни активности за гасење на пожари на отворен простор и др.

**Управување со ризици**

(1) Во општините каде не се предвидени или извршени инспекциски надзори, соодветните подрачни одделенија на Дирекцијата немаат вработен инспектор за заштита и спасување со што во наредниот годишен план за работа ќе се појавуваат области каде што ќе бидат планирани надзори со намален број, преку покривање со инспектори од соседни општини, или нема да бидат планирани и извршени инспекцискии надзори, се до пополнувањето со нови инспектори за соодветното подрачје.

(2) При вршењето на сите видови на инспекциски надзори посветено е внимание во спроведувањето на одлуките, препораките, уредбите и протоколите донесени од страна на Влада на Република Северна Македонија за превенција и спречување на ширење на вирусот КОВИД-19, поради што планираните надзори, согласно годишниот план за работа на Секторот за генерален инспектор, се делумно извршени односно поголем дел од надзорите се вонредни.

(3) Во отсуство на посебна методологија за проценка на ризици, која ќе биде изработена во текот на првиот квартал од 2021 год., а согласно досегашната пракса во примената на матичниот Закон за заштита и спасување како и примената на Закон за пожарникарството дефинирани се две ризични области и тоа заштита и спасување и пожарникарство;

(4) Согласно член 3 од Закон за пожарникарството, пожарникарството е дел од единствениот систем за заштита и спасување во Републиката, па според тоа и активностите односно надзорот во двете подрачја најчесто се извршува истовремено. Тргнувајќи од законските и подзаконските акти идентификувани се неколку карактеристични загрозувања кои се со зголемен ризик од настанување на несреќи а истите се земени како критериуми за определување на степен на сложеност на инспекцискиот надзор.

(5) Областите кои се со зголемен ризик од настанување на несреќи, како што се горенаведените, можеме да ги идентификуваме согласно:

- дејноста што ја извршуваат правните субјектите;
- категоризацијата на објектите според технолошкиот процес;
- законските и подзаконски акти (Закон за заштита и спасување, Закон за пожарникарството, Закон за градење итн.).

(6) Во идентификувањето на ризикот, дополнителни фактори кои се земаат во предвид се:

- минати неуспеси на субјектот во постигнување на целите, неисполнети препораки или корективни мерки за усогласување со регулативата во областа на заштитата и спасувањето;
- минати неправилности со непочитување на процедури, интерни акти од областа на заштитата и спасувањето и потенцијалната изложеност на опасности;
- фактори на внатрешниот ризик како што е вид на дејноста на субјектот, предмет на работа на субјектот, и буџетот за спроведување на пропорционални безбедносни мерки и активности.

**Организација и раководење**

а) Секторот за генерален инспектор е организациона единица во состав на Дирекцијата за заштита и спасување која е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Промени во правниот статус на институцијата во текот на извештајниот период не се извршени.

б) Промена е настаната во раководството на Дирекцијата, односно од месец ноември за Директор на Дирекцијата за заштита и спасување е назначен г-дин Беким Максути.

Во однос на раководниот кадар во Секторот за генерален инспектор состојбата во извештајниот период остана не променета:

- Раководител на сектор за генерален инспектор – Генерален инспектор – пополнето;
- Помошник раководител на сектор за генерален инспектор – Помошник на генералниот инспектор – пополнето;
- Раководител на одделение за инспекциски надзор – Помошник на генералниот инспектор – пополнето;
- Раководител на одделение за правни, административни работи и аналитика – не пополнето.

в) Надлежност на Секторот за генерален инспектор при ДЗС останува непроментета во извештајниот период. Надлежност на секторот е вршење на инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од

- Закон за заштита и спасување („Сл. весник на Република Македонија" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),
- Закон за пожарникарството Пречистен текст („Сл. весник на Република Македонија" бр.168/17).

Инспекциски надзор вршат генерален инспектор за заштита и спасување, помошници на генералниот инспектор и инспектори за заштита и спасување, кои се овластени службени лица во областа на безбедноста.

Институционалните надлежности на администаривните службеници произлегуваат од сите области за кои се надлежни сооглaсно позитивните законски прописи.

г) Организациската структура во инспекциската служба во извештајниот период е не променета.

При утврдувањето на внатрешната организација на Секторот за генерален инспектор се тргнува од неговата надлежност утврдена со закон, карактерот, обемот и степенот на сложеност на работите, нивната меѓусебна поврзаност и други услови за нивно ефикасно вршење. Согласно тековниот Правилник за внатрешна организација на Дирекцијата за заштита и спасување, секторот за генерален инспектор составен е од две одделенија и тоа:

- Одделение за инспекциски надзор, и

- Одделение за правни, административни работи и аналитика

д) Во однос на човечките ресурси во извештајниот период двајца инспектори остварија правно на пензија и тоа:

- Сандо Геров на 10.09.2020 год. и
- Стефчо Јосифовски на 26.10.2020 год.

Во полугодието вкупно 17 инспектори вршеа надзори а по пензионирањето на двајца, бројката се намали соодветно во септември на 16 и во ноември на 15 инспектори.

Двајца инспектори за заштита и спасување, вработени на крајот на 2019 год., во извештајниот период се немаа стекнато со лиценца за инспектор и истите не извршуваа инспекциски надзори.

Во полугодието не се вработени нови инспектори за заштита и спасување

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за заштита и спасување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | 1 | | 1 |
| Б2 – пом. на генералниот инспектор | | 1 | | 1 | | 2 |
| В1 – инспектор | 0 | 4 | 5 | 3 | 2 | 12 |
| Вкупно | 0 | 5 | 5 | 5 | 2 | 17 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| Вид | Инспектор за заштита и спасување | | |
|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – пом.ген. инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В1 – инспектор | 0 | 2 | -2 |
| Вкупно | 0 | 2 | -2 |

## Инспекциски надзор

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | Вардарски регион | 1 | 7 | 0 | 8 | 0 |
| 1 | Велес | | 3 | | 3 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | 1 | 1 | | 2 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | | 1 | | 1 | 0 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | | 2 | | 2 | 0 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | Источен регион | 81 | 32 | 2 | 115 | 2 |
| 10 | Берово | | 5 | | 5 | 0 |
| 11 | Виница | 41 | 9 | | 50 | 0 |
| 12 | Делчево | | 2 | | 2 | 0 |
| 13 | Зрновци | | 1 | | 1 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | 6 | 1 | 7 | 1 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | 2 | | 2 | 0 |
| 18 | Пробиштип | 28 | 2 | 1 | 31 | 1 |
| 19 | Чешиново | | 3 | | 3 | 0 |
| 20 | Штип | 12 | 2 | | 14 | 0 |
| | Југозападен регион | 24 | 15 | 1 | 40 | 1 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | | 2 | | 2 | 0 |
| 23 | Дебарца | 6 | | | 6 | 0 |
| 24 | Кичево | | 2 | | 2 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | | 4 | | 4 | 0 |
| 26 | Охрид | 18 | 5 | 1 | 24 | 1 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | | 2 | | 2 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 43 | 0 | 43 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | | 1 | | 1 | 0 |
| 32 | Валандово | | 4 | | 4 | 0 |
| 33 | Василево | | 3 | | 3 | 0 |
| 34 | Гевгелија | | 3 | | 3 | 0 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | 6 | | 6 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 38 | Радовиш | | 4 | | 4 | 0 |
| 39 | Струмица | | 22 | | 22 | 0 |
| | Пелагониски регион | 41 | 14 | 2 | 57 | 2 |
| 40 | Битола | 23 | 2 | | 25 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | | 4 | | 4 | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | 2 | | 2 | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | 18 | 3 | 2 | 23 | 2 |
| 48 | Ресен | | 3 | | 3 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 7 | 0 | 7 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | 0 |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | 2 | | 2 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | | 5 | | 5 | 0 |
| | Североисточен регион | 16 | 6 | 11 | 33 | 11 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | 3 | | 3 | 0 |
| 60 | Куманово | 15 | 3 | 10 | 28 | 10 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| | Скопски регион | 0 | 49 | 0 | 49 | 0 |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | 13 | | 13 | 0 |
| 67 | Гази Баба | | 2 | | 2 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | | 3 | | 3 | 0 |
| 71 | Карпош | | 3 | | 3 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | | 1 | | 1 | 0 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | | | | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | 0 |
| 77 | Центар | | 5 | | 5 | 0 |
| 78 | Чаир | | 14 | | 14 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | | 5 | | 5 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 80 | Шуто Оризари | | 3 | | 3 | 0 |
| ВКУПНО | | 163 | 173 | 16 | 352 | 16 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

(1) Во текот на месец декември инспекторите за заштита и спасување земаа учество на платформата за електронско учење на Инспекцискиот совет за посета на генерички обуки согласно Годишната програма за генерички обуки за 2020 година.

(2) Останати обуки во текот на извештајниот период не се посетени и реализирани.

## Буџет и финансирање

(1) СГИ користи финансиски средства од буџетот на ДЗС со посебна ставка. Распоредени средства од вкупниот буџет на ДЗС за СГИ се 60.000,00 денари со кои треба да се покријат службените патувања во државата и набавка на записници, уписници и останати документи. Во извештајниот период не се потрошени средства за потребите на Секторот.

## Меѓународна соработка

(1) Во извештајниот период Секторот за генерален инспектор нема остварено соработка во областа на инспекцискиот надзор од аспект на заштитата и спасувањето и пожарникарството, со останати меѓународни субјекти.

## Други активности на инспекциската служба

(1) Покрај вршење на инспекциски надзор, инспекторите за заштита и спасување извршуваа и останати активности согласно Законот за заштита и спасување и Закон за пожарникарството односно:

- вршење на увиди од настанати пожари,
- учество во оперативни активности за гасење на пожари на отворен простор,
- постапување по барање на правни или физички лица.

## Заклучоци и препораки

(1) Секторот за генерален инспектор во извештајниот период се соочи со актуелната епидемија на Коронавирус КОВИД-19, па согласно новонастанатите ризици, при вршењето на сите видови на инспекциски надзори посветено е внимание во спроведувањето на одлуките, препораките, уредбите и протоколите донесени од страна на Влада на Република Северна Македонија и поради тоа не е работено согласно месечните планови кои произлезегуваат од годишната програма за работа на Секторот за генерален инспектор, па затоа дел од надзорите се вонредни.